# ЗАКОН

## ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРИТЕ ЗА ЗАЕМ СКЛУЧЕНИ МЕЃУ НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА Д.Д. ЉУБЉАНА И ЈКП СТАНДАРД ДЕБАР И МЕЃУ НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА Д.Д. ЉУБЉАНА И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ

### Член 1

Република Македонија превзема обврска да го гарантира намирувањето на обврските по Договорите за заем по проектот за изградба на мали хидро електрани, што ќе се склучат помеѓу Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана како Заемодавач и ЈКП Стандард Дебар како Заемопримач во износ од 236.112,00 германски марки и помеѓу Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана како Заемодавач и ЈП Комуналец Кавадарци како Заемопримач во износ од 1.873.856,00 германски марки во рокови и услови предвидени во Договорите за заем, само во случаите кога јавните претпријатија ЈКП Стандард Дебар и ЈП Комуналец Кавадарци како заемопримачи не го отплаќаат заемот.

### Член 2

Заемите од член 1 од овој закон ќе ги отплаќаат ЈКП Стандард Дебар и ЈП Комуналец Кавадарци од своите приходи, во рокови и услови утврдени во Договорите за заем.

### Член 3

Заемите од член 1 од овој закон ќе се отплаќаат на следниов начин:

ЈКП Стандард Дебар во 11 еднакви полугодишни рати со грејс период од една година и со просечна каматна стапка од ЛИБОР + 2% годишно (односно за првата половина од заемот ЛИБОР + 3,25% годишно, а за втората половина на заемот ЛИБОР + 0,75% годишно) и

ЈП комуналец Кавадарци во 18 еднакви полугодишни рати со грејс период од 18 месеци и со просечна каматна стапка од ЛИБОР + 2% годишно (односно за првата половина од заемот ЛИБОР + 3,25% годишно, а за втората половина на заемот ЛИБОР + 0,75% годишно).

### Член 4

Доколку доспеаните анутитети во роковите утврдени со Договорите, во име на Заеморимачот ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена

од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет или на деловната банка каде што заемопримачот има денарска сметка да пренесе од сметката на корисникот на заемот (заемопримачот) во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

**Член 5**

Министерството за финансии ќе пресметува и наплатува 1% годишна провизија на износот на заемот за кој се дава гаранција.

Провизијата се пресметува од денот на склучување на Договорите за заем и е приход на Буџетот на Република Македонија.

Провизијата ќе се пресметува се до известувањето од Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана за престанување на потребата од условеноста на заемот со гаранција од државата.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".